*(доверливо)*
**СО 50. седница**
**4.5.2023 година**
**Точка на дневен ред бр.10**

**ПРЕДЛОГ**

# ОДЛУКА

## со која Одлуката за определување месечна награда и награда за успешно завршена година на членовите на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола СО бр. 02-2383/II-13 од 25.3.2015 година се става вон сила

**Битола, 2023 година**

Врз основа на 365 од Законот за трговските друштва и член 45 од Статутот на Стопанска банка а.д. Битола, СО бр. 02-19821/1/II-2 од 11.11.2020 година (пречистен текст), Собранието на Стопанска банка а.д. Битола на својата 50. седница одржана на 4.5.2023 година, донесе

**ОДЛУКА**

**Член 1**

Одлуката за определување месечна награда и награда за успешно завршена година на членовите на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола СО бр. 02-2383/II-13 од 25.3.2015 **се става вон сила.**

**Член 2**

Одлуката влегува во сила на денот на донесувањето.

**СО бр.**

**Битола, 4.5.2023 година**

**Стопанска банка а.д. Битола**

**Собрание на акционери**

**Претседавач**

_____________________________

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Собранието на акционери на својата 36. седница, одржана на 25.3.2015 година, донело Одлука за определување месечна награда и награда за успешно завршена година на членовите на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола заведена под СО бр. 02-2383/II-13 од 25.3.2015 година.

Во согласност со точка 48 од Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка („Сл. весник", бр. 24/18 и 113/19) се утврдува дека на членовите на надзорниот одбор на банката може да им се исплаќа фиксен дел од вкупниот надоместок. Само во исклучителни случаи може да им се исплаќа и варијабилен дел од надоместокот, којшто треба да зависи единствено од остварувањето на нивните надлежности поврзани со надзорот на работењето на банката.

Имајќи ја предвид погоренаведената одредба, како и забраната за исплата на варијабилни надоместоци на членовите на одборите на Банката, утврдена со Решението ПТ бр.15-40273/1 од 25 декември 2018 година, со цел усогласување со законската и подзаконска регулатива се предлага Собранието на акционери на Банката да донесе одлука со која Одлуката за определување месечна награда и награда за успешно завршена година на членовите на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола заведена под СО бр. 02-2383/II-13 од 25.3.2015 година се става вон сила.

Во однос на фиксниот месечен надоместок на членовите на Надзорниот одбор на Банката, истиот е веќе утврден и се утврдува со поединечни одлуки за именување на членовите на Надзорниот одбор на Банката.